NATIONAL BOWELCANCER SCREENING PROGRAM

Australian Government

ID number <Consumer ID>

<Participant Given Name> < Participant Family Name >
<Preferred Mailing Address>
<Preferred Mailing Address >
<Locality> <State> <Postcode>

Почитуван/а <Participant Given Name> < Participant Family Name >

# Бесплатна проверка за откривање на раните знаци за рак на дебелото црево

## Околу 80 Австралијци секоја недела умираат од рак на дебелото црево.

| | |
|---|---|
| **Покана** | Ве покануваме да направите проверка за рани знаци за рак на дебелото црево. **Проверката е бесплатна и лесно ќе ја направите кај вас дома.** Важно е да ја направите оваа проверка дури и ако немате никакви знаци. Ако се открие навреме, ракот на дебелото црево може да биде успешно излекуван во 90% од случаите. |
| **Зошто добивате покана?** | Луѓето што ги исполнуваат условите – да се на возраст од 50 до 74 години, се поканети да направат проверка за рак на дебелото црево. Ракот на дебелото црево е еден од најчестите видови на рак во Австралија, особено кај луѓето постари од 50 години. Тој може да се развие без некакви знаци, а со оваа проверка може да се најдат раните знаци за предупредување пред да се развие рак на дебелото црево. Лекарите препорачуваат редовни проверки за рак на дебелото црево и многу луѓе во Австралија ја прават проверката за да ја намалат опасноста за себе. |
| **Што следува потоа?** | Во текот на следните неколку недели ќе добиете пакет што ќе ги содржи вашиот комплет за проверка и некои упатства. Ако не сакате да учествувате, ве молиме јавете се на Информативната телефонска линија на Програмата на 1800 118 868. |
| **Имате ли некакви прашања?** | Зборувајте со вашиот лекар, јавете се на Информативната телефонска линија на Програмата или посетете го нашето место на интернет www.cancerscreening.gov.au. |

**Ако ја направите оваа проверка, тоа може да ви го спаси животот.**

Професор Brendan Murphy

Началник за здравство

<DATE>

NBCSR XXXX